Република Северна Македонија

**Јавно претпријатие за државни патишта**

Бр. 04-7386/10
Скопје, 14-07-2025 година

Врз основа на член 23 од Законот за работните Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија " бр.167/15 – пречистен текст, 27/2016 и 120/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/2019, 267/2020, 151/2021, 288/2021, 111/2023, 39/2025, 74/2025 и 124/2025) и член 20-д од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018 и 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019, 14/2020 и 208/2024), ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, донесе

Одлука
за извршен избор на кандидати по јавен оглас
за вработување на неопределено време на работници -помошно технички лица по оглас број 1/2025 објавен во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" на ден 01.07.2025 година

I. 1. За пополнување на слободно работно место КДР0403А01001 Возач и одговорен на возен парк, во Одделение за организирање и поддршка на работата на Директорот – 1 (еден) извршител, избран е следниот кандидат:

- Коста Јанев

2. За пополнување на слободно работно место КДР0402А03001 Портир, во Одделението за човечки ресурси и општи работи во Секторот за правни работи, човечки ресурси и општи работи – 1 (еден) извршител, избран е следниот кандидат:

- Перо Петковски

II. Оваа одлука влегува во сила со денот на донесувањето.

Образложение

Комисијата за спроведување на постапка за избор на 2 (два) кандидати за вработување на неопределено време во Јавното претпријатие за државни патишта формирана со Решение бр.04-7386/3 од 30.06.2025 година, во состав од Биљана Цветковиќ - Претседател на комисија, Албана Бајрами – член и Оливера Вранеш - член, за потребата од вработување на помошно технички лица на неопределено време по јавниот оглас број 1/2025 година објавен во дневните весници „Слободен печат" и „Коха" на ден 01.07.2025 година, спроведе постапка за вработување согласно Законот за работните односи.

Според пристигнатите пријави на кандидатите за вработување за работно место Возач и одговорен на возен парк, во Одделение за организирање и поддршка на работата на Директорот – 1 (еден) извршител и Портир, во Одделението за човечки ресурси и општи работи во Секторот за правни работи, човечки ресурси и општи работи – 1 (еден) извршител, Комисијата изврши проверка на внесените податоци во пријавата за вработување со условите утврдени во огласот, проверка на приложените докази кон пријавата, интервју и до ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, достави конечна ранг листа на кандидати.


Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија
ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија
Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/

Врз основа на наведеното, ВД Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Упатство за правно средство:** Против оваа Одлука незадоволниот кандидат има право на жалба преку Јавното претпријатие за државни патишта до Управниот одбор на Јавното претпријатие за државни патишта во рок од 8 дена од објавувањето на одлуката на интернет страницата на Јавното претпријатие за државни патишта.

ВД Директор
Коце Трајановски

Република Северна Македонија - Republika e Maqedonisë së Veriut
ЈАВНО ПРЕТПРИЈАТИЕ ЗА ДРЖАВНИ ПАТИШТА
NDERMARRJA PUBLIKE PËR RRUGË SHTETËRORE
Скопје - Shkup

Доставено до:
- Избраните кандидати
-Одделение за човечки ресурси и општи работи
-Огласна табла
-Архива

Изработил: Биљана Цветковиќ
Контролирал: Даниела Тасевска
Одобрил: Сузана Атанасова


Јавно претпријатие за државни патишта
Република Северна Македонија

ул.Даме Груев бр.14, 1000 Скопје
Република Северна Македонија

Тел: +389 2 3118 044, +389 2 3228 454
Факс: +389 2 3220 535
http://www.roads.org.mk/